Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**
**Одделение за управување со човечки ресурси**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**
**Menaxhimin E Resurseve Njerëzore**

**Архивски број:** 04-7377/5
**Датум:** 31.07 **2025 година**

Архивски знак:
Shenja arkivore
Рок на чување:
________20____година
viti

Врз основа на член 11 и член 52 став 1 од Закон за административни службеници ("Сл. весник на Р.М." бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и "Сл.весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), државниот секретар, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по Интерен оглас број 07/2025 за унапредување на административен службеник во Министерство за култура и туризам**

1. Кандидатот **Јованка Ѓорѓеска Кузманоска**, по пат на интерен оглас број 07/2025 се избира за работно место **Ниво Б1, шифра УПР 01 01 Б01 000,** Државен советник за европски политики и странска помош – 1 извршител
2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 07/2025 со архивски број 04-6998/2 од 17.07.2025 година.
3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски број. 19-7846/2 и 19-7848/2 од 17.07.2025 година државниот секретар упати барање со архивски бр. 04-6998/1од 17.07.2025 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административен службеник во Министерство за култура и туризам. Интерниот оглас број 07/2025 за унапредување на двајца (2) административни службеници во Министерство за култура и туризам е објавен на веб страната на Министерството како и на веб страната на Агенцијата за администрација на ден 18.07.2025 година. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник, Комисијата за унапредување на административен службеник, формирана од страна на државниот секретар со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административен службеник со архивски број 04-7377/1 од 29.07.2025 година, направи административна селекција на пријавениот кандидат за работно место **Државен советник за европски политики и странска помош** кој што ги исполнува условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во

Министерството за култура и туризам. Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, Комисијата состави Записник од административна селекција за интерен оглас за број 07/2025 за унапредување на административен службеник со архивски 04-7377/2 од 31.07.2025 година, Записник од спроведување на интервју за унапредување на административен службеник на работно место од категорија Б со архивски 04-7377/3 од 31.07.2025 година и изготви Финална ранг листа на интервјуиран кандидат и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат.

Врз основа на ранг листа државниот секретар донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваната.

**Правна поука:** Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР,**
**Марија Станчевска Ѓоргова**

Доставено до:
-именуваниот/та;
-Одделение за управување со човечки ресурси

Изготвил: И.Стевковска